Во ова поглавје напишани се поуките од реализирањето на минатите активности кои може да бидат корисни за време на реализирањето на годинешните активности. Од досегашното долгодишно искуство и увидите направени на минатогодишниот извештај за реализација на годишната програма за работа на училиштето (учебна 2025/2026) можат да се истакнат следните поуки:

- Подобрување на инфраструктурата на училиштето заради обезбедување подобри услови за престој и учење на учениците;
- Осовременување на наставниот процес и вклопување на учениците во современите тенденции на воспитно-образовниот процес;
- Поттикнување на учениците за конструктивно решавање на конфликтите;
- Оспособување на наставниците за користење на современи техники на учење во наставата;
- Унапредување и интензивирање на формите на соработка со родителите и локалната заедница преку отворени денови во училиштето;
- Опременоста на училиштето со нагледен наставен материјал е добар предуслов за успешно изведена настава;
- Континуирано одржување на хигиена во училиштето (училниците, тоалетите, училишниот двор и ходниците) се услов за здрав живот;
- Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците;
- Успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати кај учениците;
- Посетата на семинари и советувања од страна на наставниците дава добри резултати во модернизација и усовршување на наставата;
- Учество на учениците и наставниците во хуманитарни акции води кон подигнување на свеста и соработка со Црвен крст;
- Организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми и методи од страна на наставниците води кон унапредување и надоградување на наставниците;
- Водењето (изведувањето) екскурзии, натпревари, настава во природа и друго поттикнува јакнење на духот и телото кај наставниците / учениците;
- Изготвувањето на тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигањата и успехот на учениците;
- Изработка на самоевалуација на наставниците поттикнува кон надоградба и усовршување на наставниците.

Во учебната 2026/2027 година ќе ги применуваме, но и години наназад во ООУ „Стив Наумов“ – Битола, ги применуваме стекнатите знаења и искуства во наставата, воннаставните активности, при соработка со локалната средина, развојот на училиштето и сите други сегменти од секојдневието на училиштето.

Се реализираа интерни и екстерсни обуки и семинари за професионален развој на наставниците и др. Со стручното усовршување се опфаќа оспособување на наставниците за успешна реализација на новите програмски содржини. Училиштето ќе

се грижи да им овозможи стручно усовршување на оние наставници и стручни работници на кои ваквото усовршување им е потребно. Еден дел од грижата за стручно усовршување превземаат соодветните високошколски институции и Бирото за развој на образованието. Наставниот кадар е должен да ги посетува семинарите и советувањата.

Во рамките на училиштето стручното усовршување ќе биде сообразено со приоритетните задачи од Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на Наставничкиот совет, Програма за работа на директорот и Програма за работа на педагогот во училиштето. Училиштето ќе обезбедува набавка на стручна литература, но како доста битен фактор во стручното усовршување спаѓа и Интернетот. И оваа учебна година покрај обуките и семинарите што ќе ги реализира Бирото за развој на образованието ќе се реализира интерна обука на наставниците и стручните соработници. Стекнатите искуства и знаења во континуитет да се надоградуваат.

Во изработката на оваа Годишна програма покрај стекнатите искуства најголемо влијание има:

- Полугодишниот и годишниот извештај;
- Самоевалуацијата на училиштето;
- Развојниот план за работа;
- Препораките на Училишниот одбор;
- Советот на родители;
- Наставничкиот совет.

Тие се однесуваат на следното:

- Следење на промените во образованието и подобрување на квалитето во наставата;
- Имплементација на екологијата во образовниот систем;
- Промени во инфраструктурата на училиштето;
- Промени во условите за учење во училиштето;
- Изработка на план и инструменти за следење на реализираните активности од оваа годишна програма;
- Професионален развој на наставниот кадар;
- Подобрување на имиџот на училиштето.

Минатата учебна година врз основа на реализираната самоевалуација во училиштето и приоритетите кои ги определивме успешно реализиравме многубројни активности и проекти во воспитно-образовната работа. Нашата имплементација е и оваа учебна година да продолжиме со истите, но и со нови активности и ќе настојуваме да постигнеме уште подобри резултати од минатата година, а воедно и да ја збогатиме нашата ризница од знаења и искуства.

6. Подрачја на промени, приоритети и цели

6.1 подрачја на промени

Врз основа на заклучоците донесени во Самоевалуацијата на училиштето (2023 – 2025), изготвената Развојна програма за работа на училиштето (2024 – 2028), искуствата од досегашното работење и степенот на реализација на планираните активности, а во согласност со мисијата и визијата на училиштето, во учебната 2026/2027 година промените ќе бидат насочени кон следните подрачја:

Ред. бр.	Подрачја на промени	Приоритети
1	**Поддршка на учениците**	Создавање здрави, безбедни и пријатни услови за учење и рекреација на учениците во училиштето преку подобрување на хигиената, условите за физичка активности и облагородување на училишниот двор.
2	**Учење и настава**	Подобрување и унапредување на техничката и просторната опременост на училиштето преку реновирање, доопремување на постоечките капацитети и обезбедување на ИТ опрема, како поддршка на квалитетното организирање и реализирање на наставата
3	**Раководство и креирање политики**	Вклучување на наставниците во редовни обуки и програми за професионален развој за унапредување на нивните компетенции и прилагодување на образовните пристапи кон потребите на учениците и заедницата

6.2 Цели на училиштето

Прва развојна цел

Развојна цел 1.1

Подобрување на хигиенските услови во училишните простори, со посебен фокус на тоалетите.

Разавојна цел 1.2

Создавање соодветни услови за физичка активност на учениците преку адаптација на постоечките простории и изградба на спортска сала.

Развојна цел 1.3

Подобрување на условите за рекреативни активности на учениците преку облагородување на училшниот двор.

Втора развојна цел

Развојна цел 2.1

Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и помагала и реновирање и реорганизација на просторните капацитети во училиштето.

Развојна цел 2.2

Подобрување на условите за работа во училиштето преку реконструкција на дел од кровот на училишната зграда.

Развојна цел 2.3

Подобрување на условите за работа во училиштето преку изградба на отворена училница и детско катче со реквизити за развој на детската моторика, во задниот дел од дворот на училиштето.

Трета развојна цел

Развојна цел 3.1

Обезбедување на обуки за наставниците организирани од БРО, МОН или од акредитирани провајдери за унапредување на професионалниот развој на наставнците.

Развојна цел 3.2

Обезбедување на програми кои ќе вклучуваат и размена на искуства, за стекнување на компетенциите на наставниците за посовремени пристапи кон потребите на учениците и заедницата.

Степен на реализација и насоки за учебната 2026/2027 година

Развојните цели наведени во оваа Годишна програма се преземени во неизменета форма од Развојната програма за работа училиштето (2024 – 2028). Во текот на учебната 2025/2026 година започна реализацијата на Развојната цел 1.2. изградбата на спортската сала е започната, но не е завршена. Поради тоа, во учебната 2026/2027 година ќе продолжат активностите за довршување на изградбата, следење на динамиката на изведба, обезбедување на потребните услови за опремување и ставање на салата во функција.

Во текот на учебната 2025/2026 година започна и реализацијата на Развојната цел 2.3. изградба на отворена училница и детското катче за реквизити за развој на детската моторика е започната, но не е целосно завршена. Во учебната 2026/2027 година ќе се продолжи со довршување на градежните и уредувачките работи, поставување на потребната опрема, проверка на безбедноста и ставање на просторот во функција.

Финализирањето на овие започнати инфраструктурни активности ќе се спроведува во согласност со расположливите финансиски средства, техничките услови, проектната документација и динамиката на надлежните институции и изведувачите. Паралелно ќе продолжи реализацијата на останатите развојни цели преку одржување и подобрување на хигиенските услови, облагородување на училишниот двор, набавка на наставни средства и помагала, реновирање и реорганизација на просторните капацитети, реконструкција на дел од кровот, професионален развој на наставниците и размена на искуства.

6.3 Акциски планови за Годишната програма за работа на ООУ „Стив Наумов“ – Битола за учебната 2026/2027 година

Развојна цел 1.1 Подобрување на хигиенските услови во училишните простории, со посебен фокус на тоалетите

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Проценка на состојбата	Увид во хигиенските услови и утврдување на приоритетните потреби	септември 2026	Тим за хигиена Стручна служба	Внатрешна документација Анкети	Чек-листа Фото-документација	Извештај со утврдени потреби и приоритети	Директор
Планирање на санација и одржување	Изработка на план за поправки, набавка и редовно одржување	септември – октомври 2026	Директор Техничка служба	Понуди Буџет Стручни консултации	Акциски план Финансиска анализа	Реален и временски определен план	Директор
Технички интервенции	Поправка или замена на санитарии, осветлување, вентилација и друга опрема според потребите	октомври 2026 – јуни 2027	Техничка служба Надворешни изведувачи	Финансиски и технички средства	Работни налози Извештаи Фотографии	Функционални и хигиенски прифатливи услови	Техничко лице
Редовно одржување	Обезбедување средства за хигиена и доследно спроведување на распоредот за чистење	континуирано	Хигиенска служба	Буџет Средства за чистење	Евиденција и дневници за хигиена	Одржување високо ниво на хигиена	Одговорно лице за хигиена
Едукација и одговорност	Работилници и активности за лична и колективна одговорност за хигиена	октомври 2026 – мај 2027	Наставници Стручна служба	Едукативни материјали	Анкети Презентации Ученички изработки	Зголемена свесност и одговорно однесување	Стручен соработник

Развојна цел 1.2 Создавање соодветни услови за физичка активности на учениците преку адаптација на постоечките простории и изградба на спортска сала

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Ажурирање на динамиката на финансискиот план	Усогласување на роковоите, потребните средства и обврските на надлежните субјекти	септември – октомври 2026	Директор УО Општина	Финансиски план Договори Понуди	Ажуриран план и динамика	Обезбедени услови за непречено продолжување на работите	Директор
Продолжување на градежните работи	Изведување на преостанатите градежни и инсталациски работи	октомври 2026 – мај 2027	Изведувач Општина	Буџет Градежни матеирјали и опрема	Градежен дневник Извештаи Фотографии	Реализирани планирани градежни фази	Надзорен инженер
Технички надзор и безбедност	Континуирана контрола на квалитетот, безбедноста и усогласеноста со проектната документација	за време на изведбата	Надзорен инженер Стручни лица	Техничка документација	Записници и контролни листи	Квалитетна безбедна изведба	Надзорен инженер
Опремување на салата	Набавка и поставување на неопходната спортска и придружна опрема согласно проектот	април – јуни 2027	Директор Служба за набавки	Буџет Спецификации	Фактури Договори Записници	Опремена и функционална сала	Директор
Утврдување на степенот на реализација	Стручен технички увид во досега наведените работи и утврдување на преостанатите фази	септември 2026	Директор Општина Надзорен инженер	Проектна градежна документација	Записник Извештај Фото-документација	Прецизно утврдена состојба и план за продолжување	Директор
Технички прием и ставање во функција	Спроведување на технички прием, проверка на безбедноста и подготовка за користење	мај – јуни 2027	Комисија за прием Општина	Контролни листи и технички документи	Записник за прием и потврди	Создадени услови – салата да се стави во функција	Директор

Развојна цел 1.3 Подобрување на условите за рекреативни активности на учениците преку облагородување на училишниот двор

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Анализа и планирање	Утврдување на приортетните зони и изработка на план за фазно уредување	септември – октомври 2026	Наставници Стручна и техничка служба	Идејни решенија План на дворот	Скици Записници Анкети	Изготвен и усогласен план	Координатор за активности
Озеленување и уредување	Садење зеленило, одржување на постојните насади и уредување на површините	октомври 2026 март – мај 2027	Техничка служба Ученици Наставници	Садници Алат и опрема	Фото-документација Евиденција	Уреден облагороден училиштен двор	Техничко лице
Поставување урбана и рекреативна опрема	Поставување или обновување клупи, сенки, патеки и други елементи според можностите	март-јуни 2027	Директор Техничка служба	Буџет Донации Опрема	Фактури Записници Фотографии	Подобрени услови за одмор и рекреација	Директор

Развојна цел 2.1 Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и помагала и реновирање и реорганизација на просторните капацитети на училиштето

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Идентификација на потребите	Анкетирање на наставниците и анализа на приоритетите по предмети и одделенија	септември 2026	Наставнички совет Стручни активи	Анкети и интерна докумнетација	Извештај и листа на приоритети	Утврдени реални потреби	Координатор за настава
Планирање и набавка	Подготовка и спроведување набавки на нагледни, ИТ и други наставни средства	октомври 2026 – февруари 2027	Директор Служба за набавки	Буџет Каталози Понуди	Договори Фактури Пописни листи	Набавени приоритетни средства	Директор
Реновирање и реорганизација	Уредување и функционално организирање на наставните простории според утврдените потреби	март – јуни 2027	Техничка служба Наставници	Материјали Опрема Мајстори	План Работни налози Фотографии	Подобрени и функционални наставни простории	Техничко лице
Следење на примената	Следење на користењето на набавените средства и новоорганизираните просотрии во наставата	континуирано по набавка	Стручна служба Наставници	Наставни подготовки и евиденции	Увид Анкети Извештаи	Поголема примена на современи средства и активни методи	Стручен соработник

Развојна цел 2.2 Подобрување на условите за работа во училиштето преку реконструкција на дел од кровот на училишната зграда

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Проценка на состојбата	Стручен увид и утврдување дали се потребни дополнителни реконструктивни или тековни интеревенции	септември – октомври 2026	Директор Техничката служба Стручни лица	Техничка документација и услуги	Технички извештај Фотографии	Документирана состојба и утврдени потреби	Директор
Обезбедување средства и подготовка	Планирање на буџетот, прибирање понуди и спроведување соодветна постапка	октомври 2026 – февруари 2027	Директор УО Служба за набавки	Буџет Понуди Обрасци	Финансиски план и документација	Обезбедени услови за интервенција	Директор
Изведување на потребните работи	Реконструкција, санација или превентивно одржување согласно утврдената состојба	март – мај 2027	Избран изведувач Техничка служба	Материјали Опрема Финансии	Извештаи Надзор Фотографии	Безбеден и функционален кров	Надзорно лице
Финална проверка	Контрола на изведените работи и следење на функционалноста	мај – јуни 2027	Комисија Директор	Контролни листи	Записник и технички извештај	Потврдена исправност и безбедност	Директор

Развојна цел 2.3 Подобрување на условите за работа во училиштето преку изградба на отворена училница и детско катче со реквизити за развој на детската моторика, во задниот дел од дворот на училиштето

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Утврдување на преостанатите работи	Увид во досега изведеното и изработка на листа на потребни градежни, монтажни и уредувачки активности	септември 2026	Директор Техничка служба Стручни лица	Постојна документација Проект Фотографии	Записник и контролна листа	Јасно дефинирани преостанати активности	Директор
Довршување на градежните и монтажните работи	Продолжување и завршување на настрешниците, подлогата,	септември – ноември 2026	Изведувач Техничка служба	Буџет Материјали Алат	Градежен дневник Извештаи Фотографии	Завршена и безбедна отворена училница	Надзорно лице

	оградувањето и другите предвидени елементи						
Опремување на отворената училница	Поставување клупи, маси, табли, простори за складирање и друга потребна опрема	октомври – декември 2026	Директор Служба за набавки Донатори	Опрема, Буџет Донации	Фактури Записници Фото-документација	Функционално опремени простори за настава	Директор
Довршување на катчето за моторика	Поставување или дополнување на безбедни реквизите и соодветна подолга	декември 2026	Техничка служба Наставник по ФЗО	Реквизити и безбедносни материјали	Контролна листа и фотографии	Безбедно и едукативно катче за моторика	Наставник по ФЗО
Проверка на безбедноста	Стручна контрола на стабилноста, подлогата, опремата и условите за користење	декември 2026	Комисија Стручни лица	Контролни листи и стандарди	Записник за проверка	Потврдени услови за безбедно користење	Директор
Примена во настава	Изработка на распоред и реализација на наставни, проектни и воннаставни активности	јануари – јуни 2027 и понатаму	Наставен кадар	Наставни сценарија и распоред	Евиденција Подготовки Фотографии	Редовно користење на просторот за активна настава	Координатор за активности

Развојна цел 3.1 Обезбедување на обуки за наставниците организирани од БРО, МОН или од акредитирани провајдери за унапредување на професионалниот развој на наставниците

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Идентификација на потребите	Анализа на личните планови и утврдување на приоритетните области за професионален развој	септември – октомври 20206	Тим за професионален развој	Лични планови Анкети Извештаи	Анализа и листа на потреби	Утврдени приоритети за обуки	Координатор за ПР
Избор и планирање на обуки	Следење на понудата на БРО, МОН и акредитирани провајдери и подготовка на план за учество	октомври – декември 2026	Тим за професионален развој	Интернет Каталози Контакти	Годишен план и пријави	Избрани релевантни обуки	Координатор за ПР
Учество и дисеминација	Учество на обуки и споделување на стекнатите знаења во стручните активи и Наставничкиот совет	ноември 2026 – јуни 2027	Наставници	Материјали и техничка поддршка	Сертификати Записници Презентации	Стекнати и споделени нови знаења и вештини	Координатор за ПР
Примена и следење	Примена на стекнатите знаења во наставата и следење на ефектите	континуирано	Наставници Стручна служба	Наставни подготовки и инструменти	Увид Самоевалуација Извештаи	Подобрени наставни практики	Стручен соработник

Развојна цел 3.2 Обезбедување на програми кои ќе се вклучуваат и размена на искуства, за стекнување на компетенциите на наставниците за посовремени пристапи кон потребите на учениците и заедницата

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Ресурси	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Вмрежување и партнерства	Воспоставување и продлабочување, соработка со училишта, институции и организации	септември 2026 – јуни 2027	Директор Наставници Проектни тимови	Комуникација и партнерски контакти	Писма Договори и Записници	Воспоставени партнерства и размески активности	Директор
Размена на добри практики	Организирање посети, работилници, отворени часови и стручни средби	октомври 2026 – мај 2027	Наставници Стручни активи	Простор ИТ опрема Материјали	Агенди Евалуации Фотографии	Споделени и преземени применливи практики	Координатор за ПР
Развој и примена на современи пристапи	Дизајнирање и пилотирање активности со проектна, интердисциплинарна, инклузивна и дигитално поддржана настава	јануари 2026 – јуни 2027	Работни групи Наставници	Наставни материјали и ИТ ресурси	Наставни сценарија Извештаи Анкети	Пилотирани и евалуирани современи практики	Координатор за ИКТ

6.4 План за евалуација на акциските планови

План за евалуација на акциските планови (2026/2027)

Задача	Критериуми за успех	Инструменти	Индикатори за успешност	Одговорен за следење
Следење на изградбата на спортската сала	Работите се реализираат според ажурираната динамика и проектна документација	Градежен дневник Извештаи од надзор Записници Фотографии	Процент на реализирани фази Почитување на роковите Број на отстапувања	Директор / надзорен инженер
Довршување на отворената училница и детското катче за моторика	Просторите се градежно довршени, опремени, безбедни и ставени во функција	Контролни листи Записници Фотографии Наставни евиденции	Завршени активности Потврдена безбедност Број на реализирани часови и активности	Директор / координатор за активности
Следење на другите инфраструктурни активности	Планираните интервенции спроведуваат согласно потребите и временската рамка	Извештаи Работни налози Надзор Фото-документација	Број и процент на завршени активности	Техничко лице / директор
Евалуација на хигиенските услови	Одржано или подобрено ниво на хигиена и позитивна повратна информација	Анкети Интервјуа Чек-листи Дневници за хигиена	Резултати од анкетите Број на забелешки и Преземени мерки	Педагошко-психолошка служба
Набавка и употреба на наставни средства	Набавените средства редовно и целисходно се користат во наставата	Попис Наставни подготовки Увид и Анкети	Број на набавени средства Процент на наставници што ги применуваат	Директор / стручна служба
Реализација и примена на обуки	Наставниците учествувале на релевантните обуки и примениле стекнати знаења	Сертификати Записници Подготовки и Извештаи	Процент на обучени наставници Број на дисеминации и Примери на примена	Координатор за ПР
Размена и современи наставни практики	Остварена соработка и применети нови пристапи во наставата	Договори Програми Анкети Евалуации и Извештаи	Број на партнери и активности Број на пилотирани практики	Координатор за проекти / ИКТ

6.5 Подрачја на промени, приоритети и цели – Заклучок

Во согласност со Развојната програма за работа на училиштето (2024 – 2028), резултатите од Самоевалуацијата и утврдените потреби на учениците, наставниците и заедницата, во учебната 2026/2027 година училиштето ќе се насочи кон продолжување, довршување и одржливо користење на започнатите развојни активности.

1. Унапредување на просторно-материјалните услови

Највисок приоритет се дава на продолжување и довршување на започнатата изградба на спортската сала, како значајна долгорочна инвестиција за подобрување на условите за физичко образование, спорт и рекреација. Истовремено, ќе продолжат активностите за довршување, опремување, проверка на безбедноста и ставање во функција на отворената училница и детското катче за развој на детската моторика.

Во рамките на ова подрачје ќе се преземаат и активности за:

- одржување и натамошно подобрување на хигиенските услови, особено во училишните тоалети;
- реконструкција, санација или превентивно одржување на дел од кровот, согласно утврдената состојба;
- фазно облагородување и уредување на училишниот двор;
- обезбедување безбедени, функционални и поттикнувачки простори за учење и рекреација.

2. Поддршка на наставниот процес преку современи средства и функционални простори

Училиштето ќе продолжи да го унапредува квалитетот на наставата преку набавка и примена на нагледни, ИТ и други наставни средства, реновирање и реорганизација на училниците и користење на новите надворешни простори за активна, проектна, интердисциплинарна и инклузивна настава.

3. Јакнење на стручниот и професионалниот развој на наставниот кадар

Препознавајќи ја улогата на наставникот како носител на квалитетот, училиштето ќе обезбедува можности за учество на обуки организирани од БРО, МОН и акредитирани провајдери, ќе поттикнува дисеминација и примена на стекнатите знаења и ќе развива соработка и размена на искуства со други училишта, институции и организации.

Општ заклучок

Подрачјата на промени, приоритетите и целите се меѓусебно поврзани и ќе се реализираат преку конкретни акциски планови со определени задачи, активности, временски рамки, носители, ресурси, очекувани резултати и индикатори за следење. Посебно внимание ќе се посвети на редовно следење на динамиката и квалитетот на инфраструктурните активности, навремено идентификување на пречките и координација со надлежните институции и изведувачите. На тој начин училиштето ќе обезбедува континуитет, одговорност и одржливост во остварувањето на развојните цели и во унапредувањето на воспитно-образовниот процес.

7. Организација на работата во училиштето

7.1 Календар за работа

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование. Во овој календар училиштето одделно ги истакнува деновите кои се неработни.

Прво полугодие

2026	I полугодие																				
работни денови	**Септември**					**Октомври**					**Ноември**					**Декември**					**ВК**
понеделник	1	8	15	22	29		6	13	20	27	3	10	17	24		1	8	15	22	29	**16**
вторник	2	9	16	23	30		7	14	21	28	4	11	18	25		2	9	16	23	30	**18**
среда	3	10	17	24		1	8	15	22	29	5	12	19	26		3	10	17	24		**17**
четврток	4	11	18	25		2	9	16	23	30	6	13	20	27		4	11	18	25		**16**
петок	5	12	19	26		3	10	17	24	31	7	14	21	28		5	12	19	26		**17**
Вкупно денови	**21**					**22**					**20**					**21**					**84**

Второ полугодие

2027	II полугодие																								
работни денови	**Јануари**		**Февруари**				**Март**					**Април**					**Мај**					**Јуни**			**ВК**
понеделник		26	2	9	16	23	2	9	16	23	30		6	13	20	27		4	11	18	25	1	8		**18**
вторник	20	27	3	10	17	24	3	10	17	24	31		7	14	21	28		5	12	19	26	2	9		**21**
среда	21	28	4	11	18	25	4	11	18	25		1	8	15	22	29		6	13	20	27	3	10		**21**
четврток	22	29	5	12	19	26	5	12	19	26		2	9	16	23	30		7	14	21	28	4			**20**
петок	23	30	6	13	20	27	6	13	20	27		3	10	17	24		1	8	15	22	29	5			**16**
Вкупно денови	**9**		**20**				**21**					**20**					**18**					**8**			**96**

Учебната година во училиштето почнува на 2 септември 2026 година, завршува на 31 август 2027 година. Наставната година започнува на 1 септември 2026 година и завршува на 10 јуни 2027 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I полугодие (кое трае од 1 септември до 30 декември) и II полугодие (кое трае од 20 јануари и завршува на 10 јуни).

На Денот на училиштето 26 октомври 2026 година, планирано е да се организираат културни, спортски и други манифестации.

Според календарот за работа во учебната 2026/2027 година неработни денови се:

За сите граѓани на РСМ

8 Септември (вторник), Ден на независноста на РСМ
11 Октомври (недел), Ден на народното востание
23 Октомври (петок), Ден на македонската револуционерна борба
8 Декември (вторник), „Св. Климент Охридски“
1 Јануари (петок), Нова Година
7 Јануари (четврток), Божиќ
9 Март (вторник), Рамазан Бајрам
1 Мај (сабота), Ден на Трудот
2 Мај (недела), Велигден
3 Мај (понеделник), втор ден Велигден
24 Мај (понеделник), „Св. Кирил и Методиј“
2 Август (понеделник), Ден на Крушевската Република

За граѓаните од православната вероисповест

6 Јануари (среда), Бадник, ден пред Божик
19 Јануари (вторник), Богојавление (Водици)
30 Април (петок), Велики Петок, петок пред Велигден
18 Јуни (петок), Духовден, петок пред Духовден
28 Август (сабота), Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)

7.2 Еколошки календар

5 Март	Светски ден на заштеда на енергија
22 Март	Светски ден на заштеда на водите
7 Април	Светски ден на здравјето
22 Април	Светски ден на планетата
15 Мај	Светски ден за заштита на климата
31 Мај	Светски ден против пушењето
5 Јуни	Светски ден за заштита на животната средина
16 Септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 Септември	Меѓународен ден без автомобили
8 Октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 Октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 Октомври	Меѓународен ден на храната
Ден на еко акција во училиштето – се реализира два пати во текот на една учебна година.	

Ајде Македонија – ден на еколошката акција на младите и граѓаните на Република Северна Македонија.

7.3 Распределба на фонд на часови и одделенско раководство на наставниците, за учебната 2026/2027 година

Распределба на часови во одделенска настава за учебна 2026/2027 година

Виолета Цветановска	1а	Полн фонд
Гордана Гецовска	1б	Полн фонд
Наташа Цветковска	1в	Полн фонд
Зоре Ѓорѓиевска	1г	Полн фонд
Александра Илиевска	2а	Полн фонд
Гордана Станојевска	2б	Полн фонд
Јасмина Гочевска	2в	Полн фонд
Оливера Филиповска	2г	Полн фонд
Даниел Митревски	3а	Полн фонд
Даниела Јовановска	3б	Полн фонд
Марија Шарковска	3в	Полн фонд
Весна Котевска	3г	Полн фонд
Наташа Костовска	4а	Полн фонд
Гордана Трифуновска	4б	Полн фонд
Марија Кочовска	4в	Полн фонд
Росана Тасевска	4г	Полн фонд
Анжелика Петковска	5а	Полн фонд
Виолета Цигарида	5б	Полн фонд
Весна Стојановска	5в	Полн фонд
Билјана Палашовска	5г	Полн фонд

Дневен престој	Извршители	Фонд на часови
	Доста Илиевска	Полн фонд

Наставник	*Магдалена Сајкова*		Одделенски час	7в
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Македонски јазик	-	7 а, б, в, г	-	9г
Вкупно	21			

Наставник	*Ана Динковска – Божиновска*		Одделенски час	8б
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Македонски јазик	-	-	8 а, б	9 а, б, в
Вкупно	21			

Наставник	*Христина Мијалчева*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Македонски јазик	6 а, б, в г	-	8 в, г	-
Вкупно	20			

Наставник	*Александар Димитров*		Одделенски час	7б
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Математика	-	7 а, б, в, г	-	9а
Вкупно	21			

Наставник	*Јованка Вангелова*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Математика	6 а, б, в, г	-	-	-
Вкупно	20			

Наставник	*Маја Димитровска Атлагиќ*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Математика	-	-	8 а, в, г	9 в, г
Вкупно	20			

Наставник	*Марина Јанеска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Физика	-	7а, б	-	9 а, б, в, г
Вкупно	10			

Наставник	*Габриела Мамакис – Петковска*		Одделенски час	8г
Одделение / Предмет	1	2	8	9
Англиски јазик	1б	-	8 а, б, в, г	9 в, г
Вкупно	21			

Наставник	*Билјана Спировска*		Одделенски час	7а
Одделение / Предмет	1	3	7	9
Англиски јазик	-	3 а, б, в, г	7 а, б, в, г	-
Вкупно	21			

Наставник	*Сања Бундевска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	1	2	4	5
Англиски јазик	-	2 а, б, в, г	-	5 а, б, в г
Вкупно	20			

Наставник	*Александра Радевска Најдоска*		Одделенски час	6в
Одделение / Предмет	1	4	6	9
Англиски јазик	1 в, г	4 а, б	-	9 а, б
Македонски јазик	-	-	6в	-
Вкупно	21			

Наставник	*Боби Думевски*		Одделенски час	6г
Одделение / Предмет	1	4	6	9
Англиски јазик	1а	4 б, г	6 а, б, в, г	-
Вкупно	21			

Наставник	*Марија Трпковска Вршкова*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Германски јазик	6 а, б	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	-
Вкупно	20			

Наставник	*Катерина Маруши*		Одделенски час	9в
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Германски јазик	6 в, г	-	-	9 а, б, в, г
Вкупно	13			

Наставник	*Каролина Потел Златевска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Француски јазик	-	7 а, б, в, г (комб.)	8 а, б, в, г (комб.)	9 а, б, в, г (комб.)
Вкупно	2			

Наставник	*Благој Гацовски*		Одделенски час	7г
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Географија	-	7 а, б, в, г	-	9 а, б, в, г
Вселена и сончев систем / Паметни зелени простори	-	7 а, г	-	-
Вкупно	21			

Наставник	*Стефанија Трајковска Грујовска*		Одделенски час	8в
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Историја и општество (Географија)	6 а, б, в, г	-	8 а, б, в, г	-
Вкупно	13			

Наставник	*Донка Ѓоргиева*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Историја и општество (Историја, Граѓанско образование)	6 а, б, в, г	-	8 а, б, в, г	9 а, б
Вкупно	20			

Наставник	*Владо Кузмановски*		Одделенски час	9г
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Историја	-	7 а, б, в, г	-	9 в, г
Вкупно	13			

Наставник	*Јулијана Трајковска*		Одделенски час	6б
Одделение / Предмет	5	6	8	9
Природни науки	5 а, б, в, г	6 а, б, в, г	-	-
Вкупно	21			

Наставник	*Маре Жежовска Трајковски*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Биологија	-	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 б, г
Вкупно	20			

Наставник	*Елица Лазаров*		Одделенски час	6а
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Хемија	-	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г
Биологија	-	-	-	9 а, в
Вкупно	21			

Наставник	*Дарко Мицески*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	5	6	7	8
Техничко образование и информатика	5 а, б, в, г	-	-	8 а, б, в, г
Администратор	6 наставни часови			
Вкупно	20			

Наставник	*Пеце Ризановски*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Техничко образование и информатика	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	8б	-
Едукација за одржлива иднина	-	-	8 а, в/8 б, г	-
Вкупно	22			

Наставник	*Весна Гецовска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
ФЗО	6 а, б, в, г	-	8 а, б, в	-
Вкупно	21			

Наставник	*Томе Петровски*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	1	7	8	9
ФЗО	-	7 а, б, в, г	-	9 б, в, г
Планинарење	-	-	-	9в/9а
Вкупно	21			

Наставник	*Александар Милинг*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	2	4	7	8
ФЗО	2а	4 а, б, в, г	-	8г
Шах	-	-	-	8г/8а
Вкупно	20			

Наставник	*Менде Бегалиноски*		Одделенски час	9а
Одделение / Предмет	1	3	8	9
ФЗО	1 в, г	3 а, в, г	-	9 а, б
Вкупно	21			

Наставник	*Сара Стојановска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	1	2	3	5
ФЗО	-	2 в, г	3б	5 а, б, в, г
Вкупно	21			

Наставник	*Христијан Јовановски*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	1	2	3	8
ФЗО	1 а, б	2б	-	-
Вкупно	9			

Наставник	*Славица Михаилова*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Ликовно образование	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г
Фотографија	6 а, б/6 в, г			
Вкупно	20			

Наставник	*Фросина Макаловска*		Одделенски час	8а
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Музичко образование	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г
Хор и оркестар	(3 + 3) часа			
Вкупно	23			

Наставник	*Елизабета Трајковска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Граѓанско образование	-	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г
Етика и морал	-	-	8б / 8в	-
Едукација за одржлива иднина	-	-	-	9 а, б/9 в, г
Вкупно	18+2 ОК работа			

Наставник	*Гордана Галевска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Етика и морал	-	7 б, в	-	-
Жените низ историјата	-	7 б, в	-	-
Иновации	-	-	-	9 а, б, в, г
Вкупно	8			

Наставник	*Ивана Деловска*		Одделенски час	-
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Етика во религиите	6 в, г/6 а, б	2б	-	-
Планинарење	-	-	-	9г/9б
Вкупно	6			

Наставник	*Нов извршител*		Одделенски час	9б
Одделение / Предмет	6	7	8	9
Физика	-	7 в, г	8 а, б, в, г	-
Математика	-	-	8б	9б
Вкупно	18			

7.4 Работа во смени

Наставно-воспитниот процес во ООУ „Стив Наумов“ – Битола се изведува во две смени. Часовите за учениците од одделенска и предметна настава за прва смена започнуваат во 7:30 часот, а завршуваат во 13:00 часот. Часовите за учениците во втора смена започнуваат во 13:00 часот и завршуваат во 18:25 часот. Наставата се планира и организира согласно Наставниот план и програма за основно образование и континуирано се следи и вреднува нејзината реализација. Со реализација на наставата се остваруваат основните образовни и воспитни цели на училиштето. Во наставниот процес учениците се стекнуваат со знаења, вештини, умеења, формираат систем на ставови и вредности и ги развиваат своите индивидуални способности. Во училиштето работи и училишна библиотека. Библиотеката работи од 7:30 часот до 18:30 часот и на тој начин ги опфаќа двете смени.

Во училиштето се реализира и проширена програма според концепција за основно воспитание и образование, врз основа на член 40 од Законот за основно образование. Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано

прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој. Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот. Училиштето организира и продолжен престој за учениците од прво до трето одделение, распоредени во две групи и во две смени.

Наставата во ООУ „Стив Наумов“ – Битола овозможува да се остваруваат основните образовни и воспитни активности со учениците во училиштето. Во наставниот процес учениците на најорганизиран начин се здобиваат со знаења, умеења и навики. Организацијата и реализацијата на наставата по одделенија е изведена според програма за задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна настава, додатна настава, полудневна настава. Застапеноста на наставните предмети по одделенија изразени се во седмичен и годишен фонд на часови и произлегува од наставниот план, а целите и содржините од наставните програми.

7.5 Распоред на часови[1]

Распоредот на часови за учебната 2026/2027 година, ќе биде изработен дополнително до крајот на месец август, согласно распределбата на часови за наставниците кои се вработени во училиштето како и наставниците кои дополнуваат часови во други училишта и наставници кои ќе бидат нововработени во нашето училиште.

[1] Забелешка: Дополнителна изработка во тек на месец август

8. Изборна настава

Наставата по изборните предмети ќе се изведува во текот на наставниот ден. Наставниот кадар преку известувањето на родителите и учениците и преку потполнувањето на изјави за изборот на наставниот предмет вршат подготовка за организација на овој вид настава. Тие ќе ги користат Наставните програми за изборните предмети изработени од Бирото за развој на образованието.

Од странските јазици, прв странски јазик е англиски јазик, за сите ученици од I-во до IX-то одделение, а во VI-то одделение учениците избираат втор странски јазик – германски или француски јазик.

Изборни предмети	Одделение во кое ќе се изведуваат
Сликање/Цртање/Вајарство	IV
Изработка од хартија – оригами	IV
Природните убавини на мојата татковина	V
Учам за моето здравје	V
Етика во религиите	VI
Фотографија	VI
Вселена и сончев систем	VII
Паметни зелени простори	VII
Жените низ историјата	VII
Етика и морал	VII
Шах	VIII
Едукација за одржлива иднина	VIII
Етика и морал	VIII
Планинарење	IX
Едукација за одржлива иднина	IX

9. Дополнителна и додатна настава

Согласно резултатите добиени од анализата на податоци, а со цел подобрување на постигањата на учениците, во училиштетот се организира:

- Дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии во совладувањњ на наставната содржина согласно распоредот за дополнителна настава.
- Додатна настава за надарени и талентирани ученици.

9.1 Дополнителна настава

Доплонителната настава ќе се одвива во текот на целата учебна година согласно наставниот план и програма по претходно утврден распоред и објавен на огласна табла, со цел да се надминат потешкотиите во совладување на одделни програмски содржини.

Дополнителната настава се организира за ученици од **I – IX одделение** кои се:

- ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет,
- учениците кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема),
- ученици што подолго време отсуствувале од настава,
- ученици со потешкотии во учењето.

Ученикот од I – V одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно.

Ученикот од VI – IX одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Ученикот се вклучува во дополнителната настава по проценка на наставникот и по добиена согласност од страна на родителот/старателот. За евиденција на реализацијата на дополнителната настава наставниците ќе се водат во согласност со насоките дадени од БРО.

Активности	Реализатори	Време на реализација	Очекувани ефекти
Планирање на дополнителната настава материјално-техничките услови, соодветните дидактички материјали	Наставници	Август	Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителна настава
Детектирање на учениците кои имаат потреба од дополнителна настава	Наставници	Септември	Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителната настава
Информирање на родителите на учениците кои се упатени на дополнителна настава	Наставници	Тековно	Зајакнување на соработката со родителот со цел постигнување на подобар успех кај учениците

Изработување на програма соодветна на потребите на учениците и распоред за дополнителна настава	Наставници	Септември	Соодветен план и програма за реализација на дополнителна настава со цел за постигнување на високи резултати
Организирање и реализирање на дополнителна настава	Наставници	Континуирано	Обезбедување поддршка во редовната наставата на ученици кои послабо напредуваат или имаат потешкотии во учењето

9.2 Додатна настава

Додатната настава ќе се организира за ученици од I – IX одделение кои покажуваат интерес и поседуваат интелектуални способности за стекнување на продлабочени знаења од одделни предмети и подрачја. Тие своите знаења и постигнувања ќе ги покажат на училишните, градските и републичките натпревари. Наставникот ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во текот на целата учебна година.

Додатната настава ќе се организира според интересите и афинитетите на учениците од одредени области и со согласност од родителот и ученикот. За евиденција на реализацијата на додатната настава, наставниците ќе се водат согласно со насоките дадени од БРО.

Активности	Реализатори	Време на реализација	Очекувани ефекти
Планирање на додатнта настава, материјално-техничките услови, соодветните дидактички материјали	Наставници	Август	Давање на соодветна поддршка на учениците преку додатната настава
Реализирање на проектни заеднички активности кои се планирани со партнер училиштето	Заеднички истражувачки проект „Посета на верски објекти“ Заеднички истражувачки проект „Истражување на различните култури во Република Македонија“ (интернет, книги, списанија) Заеднички истражувачки проект „Свадбени обичаи“ со возрасна група Заеднички истражувачки проект „Обичаи и храна на македонска, ромска и албанска национланост“	• Добивање на знаења за различните религии, верски објекти од етничките заедници, различните култури, јазикот, историјата, заедништвото, науката, уметноста, националните обележја на националностите, верските празници, обичаи и храна која се подготвува за време на празниците, почитување на различните религии. Запознавање со верски објекти од двете етнички заедници • Договор за меѓусебна соработка меѓу двете училишта • Комуникација со партнер училиштето, во живо и преку интернет врски • Формирање на тимови, потребен материјал, прибор за работа, насоки за активностите, избор на	Директор ППС Членови на училишниот тим и родители Претставници од општината и заедницата	Септември до Јуни

		ученици, просторија со компјутери, презентации, и други изработки од ученциите		

Напомена: Програмата е изработена за во текот на учебната 2026/2027 година.

Предлог содржините за реализација на програмта како и членовите во тимот, можат да претрпат измени во текот на годината.

19. Проекти

ООУ „Стив Наумов“ – Битола, е модерно иновативно училиште кое ги прифаќа предизвиците на модерното живеење со кое денес се соочуваме сите. Училиште кое се залага за развој на еколошката свест кај учениците од мала возраст. Македонија, а посебно Битола е подрачје интересно за еколошки набљудувања и истражувања поради што претставува простор на кој се имплементира Американската – GLOBE Програма, која вклучува дел од училиштата во еколошки истражувања, набљудувања и собирање на податоци, кои се дел од база на податоци кои се користат од НАСА. Со ваква мотивација, нашето училиште ООУ „Стив Наумов“, се вклучи во активностите на GLOBE во Македонија преку Министерството за образование и нуака, од една страна и Националната управа за океанографија и атмосфера на САД, од друга страна.

Активностите во рамките на GLOBE Програмата ги спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Македонскиот информативен центар за животна средина, а во соработка со Мировниот корпус во Северна Македонија и Мининстерството за образование и наука.

Нашето училиште во учебната 2026/2027 ќе работи на GLOBE програмата во две подрачја:

1. Атмосфера
2. Вода

Цели на активностите:

- Придонес кон глобалната мрежа на Глобе училишта во заштита на животната средина
- Оспособување на учениците за внесување на податоци на глобе платформата
- Оспособување на учениците за претставување на добиените податоци табеларно и графички
- Анализа на добиените податоци преку следење на динамиката на загадување во непосредната околина
- Претставување на добиените податоци на поширокаа јавност
- Изработка на тековни проекти во рамките на Глобе Одговорни наставници:

    1. Маре Ж. Трајковски – координатор, наставник по биологија
    2. Марина Јанеска – наставник по физика
    3. Елица Лазаров – наставник по хемија
    4. Јулијана Трајковска – наставник по природни науки
    5. Даниела Јованоска – наставник по физика

Динамика на мерење и собирање на податоци

Со мерење веќе е започнато уште во учебната 2021-2022 година и активно се работи и се внесуваат измерените параметри на страницата на Globe, а ќе се вршат мерења и понатаму, почнувајќи од 1.9.2026 година.

Мерењата од областа на атмосфера учениците ќе ги прават секој ден во период од 11 до 15 часот, истото ќе се утврди со почетокот на учебната година.

Мерењата од областа на хидросфера учениците ќе ги прават еднаш во неделата во договор со наставниците.

Место на земање на пробите од хидрологија

Мост на реката Драгор во близина на ООУ „Трифун Пановски“.

Место на мерење атмосфера

Задниот училиштен двор во кој е поставена мерна станица.

ООУ „Стив Наумов“ — Битола континуирано се вклучува во Еразмус плус програмата чија цел е професионален развој, зајакнување на компетенциите на наставниците, меѓународни партнерства за соработка и размена на искуства, продлабочување и стекнување на знаења од определена област на интерес, зголемена интеркултурна свест, подобрување на комуникациски вештини.

Нашето училиште заедно со партнер училишта од Шпанија, Турција, Италија аплицираше во Еразмус плус програмата, за гранд Erasmus KA210 - Sustainable waste managment, каде носител е Турција, а се чека одобрување во текот на месец септември 2025 година.

Аплицирано е и за Erasmus KA210 - Awareness Begins with Game, со партнер училишта од Грција, Турција и Романија, носител е нашето училиште, а аплицирано е преку Турската национална агенција.

Забелешка: Тековно во учебната 2025/2026 година, од страна на тимови за работа, формирани од наставниците, ќе се изработат апликации по однос на конкурси од МОН, од локална заедница, од невладиниот сектор, акредитирани здруженија и сл., за реализација на нови проекти во училиштето.

Проекти кои се реализирале во нашето училиште (изминатите години):	
Математика со размислување	Имплементиран во настава
Со читање до лидерство	Имплементиран во настава
ОХО проект- интеграција на еколошка едукација во образование	Имплементиран и продолжува
ЕЛКОЛЕКТ- Собирна акција на електронски отпад	Имплементиран и продолжува
Јазична писменост	Имплементиран во настава
E- twinning	Имплементиран
Меѓуетничка интеграција на младите во образование (МИМО)	Имплементиран и продолжува
Проект ,,Erasmus+“	Имплементиран и продолжува
Соработка и размена на идеи со ОУ ,,Гундесбунд” – Лунд Шведска	Имплементиран

Програма – нова концепција за граѓанско образование	Имплементиран и продолжува
TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study)	Имплементиран
РГД Геосфера „Разбудете ја ЕКО-СВЕСТА во СЕБЕ“	Имплементиран
Соработка со Јапонија (програма за размена на писма)	Имплементиран
GLOBE	Во учебната 2020/2021 ООУ „Стив Наумов“ е вклучено во проектот на МОН и Министерството за животна средина и продолжува оваа учебна година
Критичко размислување, решавање проблеми и кодирање	Имплементиран
Меѓународно партнерство со збратимената училиште ECA ELGINKAN ILKOKULU - ISTANBUL	Имплементиран и продолжува

20. Поддршка на учениците

Стручните соработници во нашето училиште водат редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција ќе се води и поодделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето.

Постигањата на учениците по предмети и области ќе се анализираат континуирано и ќе се прави евалуација по секој класификационен период. Реазултатите ќе се празентираат на Наставнички совет и ќе се одредуваат за надминување на слабите страни. За учениците со потешкотии во учењето се планираат соодветни разговори кои ќе ги вршат стручните соработници и ќе ги упатуваат на користење на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Идентификуваните надарени ученици преку додатна настава ќе им се овозможи да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да се мотивираат да учествуваат на натпревари. На учениците ќе им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширокатa општествена јавност како на пр. учество во телевизиски емии, изложби, проекти и сл.

Постигнувањата на учениците се анализираат, анализирајќи го просекот по наставни предмети на полугодие и на крај учебната година, како и описното оценување за учениците.

Нашето училиште реализира и превентивни програми кои имаат за цел да се даде поддршка и помош на учениците кои се соочуваат со емоционални потешкотии, асоцијално однесување како и програма за заштита од болестите на зависност.

Целта на овие програми е прво да се **идентификуваат учениците** кои имаат некаков проблем да се работи со нив и да им се дава континуирана поддршка и помош вклучувајќи ги наставниците и родителите, а секако предводени од страна на стручната служба. Потоа целта на овие програми е да се **запознаат учениците** со штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанции, советодавно да се работи со учениците и да се тежнее кон подобрување на нивното психофизичко здравје.

21. Оценување

21.1 Видови на оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците се реализираат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Согласно концепцијата за девет годишно образование, учениците ќе се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот пери I–III одделение се оценуваат со описни оценки (со описното оценување се дава приказ на постигнањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето)
- Учениците кои се опфатени во вториот период IV–VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. Првите три квартали се оценуваат со описни оцени, додека на крајот од учебната година се оценуваат со бројчани оцени
- Учениците кои се опфатени во третиот период VII–IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

Секој наставник ќе води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

Постигнувањата на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот и надвор од часот. За таа цел, начините со кои ќе се оценуваат учениците се разновидни и тоа:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)

21.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, психолог, педагог.

Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици.

Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

22. Безбедност

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Постојат пропишани мерки и активности за безбедност на учениците. Родителите и учениците се запознаваат со куќниот ред, примарна заштита и безбедност ќе се обезбедува преку поставување на дежурни ученици и наставници. Поставен е алармен систем. Се планира број на учениците да се осигураат. Ќе се врши редовно одржување и сервисирање на ПП-апаратите и исите се поставени на видливо место. Низ училиштето се поставени шеми за евакуација во случај на елементарна непогода и пожар.

23. Грижа за здравјето

23.1 Хигиена во училиштето

Наша основна цел е училиштето да биде здрава и безбедна околина за учениците и вработените, а тоа подразбира и хигиената во училиштето да биде на највисоко ниво. Покрај вработениот персонал, за хигиената во училиштето се грижат и учениците и вработените. Континуирано се набавуваат средства за хигиена, корпи за отпадоци и друго. Дежурните наставници, дежурните ученици и училишните хигиеничари секојдневно ја следат состојбата со хигиената во училиштето.

Минатата учебна година во целост ги почитуваме насоките од МОН и општината и успешно ги спроведуваме сите протоколи за работа.

Еко-патролите имаат обврска да алармираат за непосакувани состојби поврзани со хигиената. Оние што ја нарушуваат хигиената во училиштето се опоменуваат и санкционираат.

Учениците од Еко-секцијата во програмата имаат предвидено активности поврзани со одржување на хигиената во училиштето.

23.2 Систематски прегледи и вакцини

Со систематските прегледи и вакцини, ќе бидат опфатени учениците согласност планот на Центарот за јавно здравје – Битола и Здравствениот дом во Битола. Календарот на систематските прегледи редовно се проследува до училиштето преку соработка на Центарот за јавно здравје и Здравствениот дом со стручната служба, која понатаму ги проследува информациите до одделенските раководители, учениците и родителите. Истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата.

23.3 Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата

Во училиштето ќе се организираат активности за подигање на свеста кај учениците за здравата исхрана. Главна цел е учениците да научат да ја избегнуваат нездравата храна и да се борат против нездравите животни навики. Едукативните предавања во училиштето ќе ги реализираат одделенски раководители преку организација на најразлични дискусии, дебати и работилници. Училиштето ја продолжува праксата за активности (како изработка на плакати, пишување поезија, цртање и сл.).

24. Училишна клима

24.1 Дисциплина

Наставниот кадар е со позитивен и професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеи. Во училиштето постои добра организација на воспитно-образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работа на училиштето е на високо ниво.

Дисциплина – за подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисципллината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.

Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентите листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Критериуми за успех – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците.

Инструменти – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници.

Индикатор за успешност – намален број советувања на ученици и родители.

Одговорен за следење – директор, одделенски раководители, стручни соработници.

Повратна информација

- подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата,
- почитување на правилата на однесување во училиштето,

- намален број на изречени педагошки мерки за учениците,
- намален број на повикани родители на советување,
- одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

24.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето


Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и локовно естетки изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското и хортикултурното уредување на просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор ќе биде постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени. Функционалното уредување на училницата, украсувањето со слики, цвеќиња и ученички трудови е активност на секој одделенски колектив.

Континуирано ќе се уредуваат паноата во ходниците според мотиви од годишните времиња, поголемите празници и мултикултуризмот, каде што се изложуваат најдобрите ученички творби. Естетското уредување на ѕидовите во ходниците, одржувањето и обновувањето на ликовните творби е задача на ликовната секција и наставникот како иницијатори, иструктор на учениците. За реализирање на оваа активност училиштето обезбеди паноа во секоја училница. Посебно внимание се обрнува на естетското и хортикултурното уредување на училишниот двор.

Патеките до училишната зграда, училишниот двор и спортските терени постојано ќе се одржуваат од страна на техничкиот персонал, родителите, учениците и останатите вработени. Покрај тоа, уредувањето на училишниот двор ќе се врши со непосредно учество на учениците од ЕКО секција (садење на насади – цвеќиња, дрвца, трева, зеленило и нивно одржување). За доживувањето да биде потполно и сите ученици и вработени да се чувствуваат попријатно, ќе се погрижат одговорните наставници.







24.3 Етички кодекси

Во училиштето ќе има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата, Наставничките совети, родителски состаноци, Совет на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат.

24.4 Односни меѓу сите структури во училиштето

„Потребата од ефективна комуникација е како потребата од чист воздух. Тогаш кога ви недостасува, се сфаќа колку е важна и значајна“. Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на високо ниво. Со цел да се унапреди активното слушање, протокот на информации и споделување на искуства во текот на годината се планираат заеднички состаноци – работилници, каде што ќе се предлагаат нови начини на комуницирање. Исто така се формира тим составен од сите структури (директор, секретар, стручна служба, одговорен наставник за одделенска настава, одговорен наставник за предметна настава и економ).

За да се подобри комуникацијата помеѓу вработените, односно да се воспостават добри меѓучовечки односи, потребно е правилно да се разберат луѓето и нивната природа. Тоа значи да се разберат и прифатат нивните потреби, интереси, верувања и очекувања од една страна, но и нивниот карактер, нивните лични особини и ставови. Суштината на успехот и квалитетната комуникација е тоа комуникаторите да се почувствуваат почитувани и важни.

За подигнување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработка, училиштето планира реализација на заеднички прослави, екскурзии, посети, коктели и други активности надвор од наставниот процес.

Службената комуникација се одвива преку е-маил, состаноци, формални и неформални средби како и преку платформата Microsoft Teams.

25. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

25.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Во интерес на професионалниот развој на вработените во нашето училиште по препорака од БРО започна со низа активности. Секој наставник до 10 септември прави лична самопроцена и анализа врз основа на која изработуваат Личен план за професионален развој. Истиот го предава на училишниот тим за Професионален развој. Врз основа на личните планови подоцна на ниво на активи се изработуваат заеднички програми за професионален развој во кои како приоритетни компетенции, се земаат оние кои се најслабо развиени, а воедно и се најчесто застапени кај наставниците. Врз основа на тие планирања Тимот за професионален развој на училиштето во состав на директор, стручна служба и претседателите на активите треба да изготват Годишна програма за професионален развој на наставниците.

25.2 Активности за професионален развој

Критериум за успех – подобрување на постигањата на учениците и унапредување на наставата со нови форми, методи, стратегии и техники на учење и поучување.

Инструменти – извештаи од одржани семинари, статистички извештаи од завршени квалификациони периоди и записници од посетени часови.

Индикатор за успешност – зголемени постигања кај учениците, поголем среден успех на ниво на училиште.

Одговорен за следење – директор, стручни соработници, одговорни наставници.

Повратна информација – податоци во професионалните досиеја на наставниците, подобрување на наставната практика и подобрување на учењето и поучувањето, создадена стимулативна средина за професионален развој на наставнциите, примена на новите знаења и вештини стекнати на обуки во наставната пракса – создавање на систем на континуиран професионален развој и менторство на наставниците.

25.3 Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови.

25.4 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Воспитно-образовниот кадар во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалното усовршување на наставниците и стручните соработници се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓу училишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. За сопственото стручно усовршување наставникот, стручниот соработник прави личен професионален

развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Наставниците и стручните соработници во основните училишта може да напредуваат во звања и тоа наставник-ментор и наставник-советник како и стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

26. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

26.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Родителите се активно вклучени во животот и работата во училиштето преку најразлични форми на организација. Советот на родители на училиштето се формира од родители на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секое одделение кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности: дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, расправа за извештајот за работата на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето.

Во текот на годината ќе се организираат **општи родителски средби** (пет во годината), **отворени денови** (четири во годината) и **приемни денови** (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласна табла), индивидуални и групни родителски средби за информирање на родителите за сите активности во училиштето, напредокот, постигањата и поведението на учениците.

Информираноста на родителите се врши преку Интернет (веб-страна на училиштето, веб-страна на училиштето, е-дневник, затворени групи на социјалните мрежи), брошури и соопштенија. За тековните активности на видни места во училиштето се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања и соопштенија.

26.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор (со свои претставници), Советот на родители, наставниот кадар, стручната служба и учениците. За поуспешна реализација на наставниот процес, по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. Семејствата помагаат во прибирање и изработка на нагледни средства и помагала во процесот на учење. Во текот на учебната година родителите ќе бидат активно вклучени во наставниот процес преку најразлични работилници, активност, стручни предавања и дебати.

Родителите активно ќе учествуваат во организацијата и реализацијата на активности како:

- Пригодни свеченост (Прием на првачиња, прием на првачињата во Детската организација, Новогодишна забава, завршна церемонија за учениците на крајот на наставната година).

27. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница

Училиштето планира реализација на соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Овие активности ќе се реализираат низ повеќе форми на групна работа: состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени поводи во училиштето, како и заемно делување во решавање на тековни проблеми од заеднички интерес (како решавање на проблеми од инфраструктурен карактер – водоводна мрежа, мрежа за снабдување со електрична енергија, топлинска енергија, комунални проблеми и сл.). Ќе се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности преку усна и пишана информација, изложбени паноа, учество во медиумите и електронска комуникација.

Институции од областа на културата

Во согласност со наставните програми на наставниците од одделенска и предметна настава, континуирано во текот на целата година ќе се реализираат активности и посети во соработка со Народниот театар – Битола, Завод и музеј – Битола, Народната библиотека „Св. Климент Охридски“, Центарот за култура и други културни институции. Учениците посетуваат изложби, музеи, театри, литературни средби и учествуваат на културни манифестации, конкурси и работилници, и за истите се доставува извештај.

Институции од областа на образованието

Училиштето во текот на годината ги следи и постапува по сите упатства дадени од МОН, БРО, ДИЦ, ЕЛС-Сектор за основно образование. Учествува во сите организирани обуки, семинари, предавања, работилници кои се посочени од соодветните државни образовни институции. Постојана комуникација со активот на директори за координација на активности во кои се вклучени сите општински училишта како давање иницијативи за зголемување на соработката. Соработката со овластениот општински инспектор ќе се врши редовно со цел следење, давање упатства за новитетите и подобрување на воспитно-образовниот процес. За подобрување на условите за работа на наставниците и учениците, училиштето ќе биде во постојана комуникација и со основачот на училиштето.

Медиуми

ООУ „Стив Наумов“ – Битола посветува особено внимание на навременото, точното и транспарентното информирање на јавноста преку различни медиуми и канали за комуникација. Целта е промовирање на воспитно-образовната работа, афирмирање на постигнувањата на учениците и наставниците и градење позитивен углед на училиштето во локалната и поширокаата заедница.

Училиштето редовно објавува информации за реализираните активности, проекти, натпревари, културни и спортски настани, хуманитарни акции и други значајни случувања преку официјалната веб-страница, социјалните мрежи и соработка со

локалните и националните медиуми. По потреба се подготвуваат соопштенија, фотографии и видеоматеријали со кои јавноста се информира за работата и достигнувањата на училиштето.





Преку редовна медиумска промоција училиштето обезбедува транспарентност во своето работење, ја зајакнува довербата кај родителите и јавноста и ја афирмира својата улога како современа воспитно-образовна установа.

На овој план е планирана соработка со повеќе печатени и електронски медиуми, списанијата за деца и млади: Тера, телевизија, Апла, Bitola news, Развигор, Другарче, Наш свет, дневниот печат.

28. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време за следење	Одговорно лице	Кој треба да биде одговорен за следењето
Реализација на додатна и дополнителна настава	Тековно Посета на часови Увид во доказите Извештаи Увид во дневниците	Психолог	Директор
Реализација на училишните акции	Тековно Извештаи Фотографии	Педагог	Директор
Реализација на секции/клубови	Тековно Увид на часови Извештаи Фотографии	Педагог	Директор
Реализација на МИМО и еко активности	Тековно Увид во програмите и планирањата Извештаи Фотографии од настани	Координатор	Директор

29. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

	Активности	Реализатор	Реурси (докази)	Инструменти	Очекувани резултати
1	**Следење на реализација на Годишната програма**	Тим за евалуација на Годишната програма	Анализи Записници Фотографии Документи	Посета на сите видови настава	Успешна реализација на Годишната програма
2	**Следење на реализација на часови од редовната настава**	Директор Стручна служба	Посета на час Разговор Увид во дневни подготовки	Дневни планирања на наставниците Разговори Давање насоки за подобрување на наставата	Подобрување на реализацијата на наставата
3	**Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава**	Директор Стручна служба	Посета на час Разговор Увид во дневни подготовки	Дневни планирања на наставниците Разговори Давање насоки за подобрување на наставата	Подобрен квалитет на наставата
4	**Следење на реализацијата на додатна и дополнителна настава**	Директор Стручна служба	Записници Формулари за анализи Листи за редовност	Увид во записници од додатна и дополнителна настава Посета на час Статистички анализи	Подобрување на општиот успех
5	**Евалуација на работата на стручните активи**	Директор Стручна служба	Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи	Записници Анализи Извештаи	Утврдување на подрачја за промени во наредната учебна година
6	**Следење на реализација на акциските планови**	Директор Стручна служба Одговорни наставници	Извештаи од реализираните извештаи	Записници Анализи Извештаи Педагошка евиденција	Квалитетна реализација на приоритетите на училиштето

7	**Евалуација на професионален развој на вработените**	Директор Претседатели на стручни активи	Разговори Увиди во сертификати и во наставничко досие	Професионално досие на вработените	Унапредување на компетенциите на наставниот кадар
8	**Анализа на постигнатиот училишен успег во споредба со претходната учебна година**	Одделенски и Наставнички совет	Статистички анализи на среден успех на учениците на полугодие и крај на година	Прегледи за постигнатиот успех	Подобрување на општиот успех
9	**Изготвување на полугодишен и годишен извештај**	Тимот за евалуација на Годишната програма	Извештаи доставени од наставниците, стручните соработници, директор	Прегледи за постигнатиот успех	Подобрување на успехот на учениците
10	**Увид во водење на педагошка евиденција и документација**	Директор Педагог Психолог Комисија за прегледување на педагошката документација	Прегледување на педагошка евиденција и документација	Записници Извештаи	Запазување на законитоста во работењето Утврдување на подрачја за промени

30. Заклучок

Нашето училиште се стреми кон стекнување на трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за животно учење и индивидуален развој. Тоа е воедно и темел и на нашето годишно планирање.

Ги подобруваме условите за реализација на воспитно-образовниот процес, мноштво од нагледни средства и дидактички материјали, опремена библиотека, уреден училишен двор, безбедна средина за нашите ученици и постојано тежнееме кон новите предизвици за современа настава, примена на ИКТ, го негуваме муликултурализмот, успешно се носиме со инклузијата, ги учиме нашите ученици на еднаквост, хуманост и правичност.

Преку партиципацијата во ученичката заедница и ученички парламент, кај учениците ќе ја развиеме демократичноста, самоиницијативноста, креативноста и иновативноста.

Промените во секој сегмент од современиот образовен систем брзо и храбро ги следиме и ќе ги применуваме во сите области на нашето работење. Ги применивме и промените на наставниот план и програма, ќе ја зголемиме и соработката со родителите и локалната средина и постојано ќе тежнееме кон врвот.

31. Тим за изработка на Годишната програма

1. Николче Пискачев – директор
2. Марина Јанеска – помошник директор
3. Виолета Блажевска Митревска – психолог
4. Билјана Трајковска – педагог
5. Ана Динковска – Божиновска – наставник-советник
6. Елица Лазаров – наставник
7. Стефанија Трајковска Грујовска – наставник
8. Александар Димитров – наставник
9. Фросина Макаловска – наставник
10. Сара Стојановска – наставник
11. Росана Тасевска – наставник

Техничка поддршка: Дарко Мицески и Пеце Ризановски.

32. Користена литература

- Закон за основно образование
- Правилници и уредби од МОН
- Концепција за воннаставни активности во основното образование
- Интерни годишни програми
- Интерни правилници и процедури
- Самоевалуација за периодот 2022–2024 година
- Развојно планирање за периодот 2024–2028 година
- Годишен извештај за 2025–2026 година

Содржина

1. Вовед 5
2. Основни податоци за училиштето 7
2.1 Лична карта на училиштето 7
2.2 Општи податоци за училиштето 8
2.3 Просторни услови за работа на училиштето 8
2.4 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“ 9
2.5 Податоци за училишната библиотека 20
2.6 Материјално-финансиско работење на основното училиште 20
2.7 План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година 22
3. Органограм на ООУ „Стив Наумов“ – Битола 23
3.1 Наставен кадар 25
3.2 Ученици 29
3.3 Број на паралелки и наставен јазик на кој се изведува наставата 30
4. Мисија и визија 31
5. „Lessons Learned“ – Веќе научено / Стекнати искуства 32
6. Подрачја на промени, приоритети и цели 34
6.1 подрачја на промени 34
6.2 Цели на училиштето 34
6.3 Акциски планови за Годишната програма за работа на ООУ „Стив Наумов“ – Битола за учебната 2026/2027 година 36
6.4 План за евалуација на акциските планови 44
6.5 Подрачја на промени, приоритети и цели – Заклучок 45
7. Организација на работата во училиштето 46
7.1 Календар за работа 46
7.2 Еколошки календар 47
7.3 Распределба на фонд на часови и одделенско раководство на наставниците, за учебната 2026/2027 година 48
8. Изборна настава 55
9. Дополнителна и додатна настава 56
9.1 Дополнителна настава 56
9.2 Додатна настава 57
10. Работа со надарени и талентирани ученици 60
11. Работа со ученици со посебни образовни потреби 63

12. Воннаставни активности 68
13. Општествено – хуманитарна работа 70
14. Воннаставни активности 72
15. Ученичко организирање и учество 74
16. Вонучилишни активности 75
16.1 Екскурзии, излети и настава во природа 75
17. Натпревари за учениците 77
18. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултуларизмот и меѓуетничка интеграција 79
19. Проекти 87
20. Поддршка на учениците 90
21. Оценување 91
21.1 Видови на оценување и календар на оценување 91
21.2 Тим за следење, анализа и поддршка 91
22. Безбедност 92
23. Грижа за здравјето 93
23.1 Хигиена во училиштето 93
23.2 Систематски прегледи и вакцини 93
23.3 Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата 93
24. Училишна клима 94
24.1 Дисциплина 94
24.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето 95
24.3 Етички кодекси 96
24.4 Односни меѓу сите структури во училиштето 96
25. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 98
25.1 Детектирање на потребите и приоритетите 98
25.2 Активности за професионален развој 98
25.3 Хоризонтално учење 98
25.4 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 98
26. Соработка на основното училиште со родителите/старателите 100
26.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето 100
26.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности 100
27. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште 101

28. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште 103
29. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште 104
30. Заклучок..... 106
31. Тим за изработка на Годишната програма 107
32. Користена литература..... 108